РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-778/3
09-06-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 70-та седница одржана на ден 09.06.2022 година ја донесе следната

## Одлука

Постапката по предметот број 12-1913/1 од 17.05.2021 година, оформен по доставена пријава за сомневање за непостапување од страна на јавно обвинителство по поднесена кривична пријава, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување од причина што постапува надлежен орган.

Предметот со број 12-1913/1 од 17.05.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 17.05.2021 година, поднесена е пријава за сомневање за непостапување од страна на јавно обвинителство по поднесена кривична пријава и оформен е предмет број 12-1913/1 од 17.05.2021 година.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконско постапување од страна на -------------------------, како и за непостапување од страна на Основното јавно обвинителство ---------- по кривична пријава, како што е наведено, поднесена од Државен завод за ревизија и Министерство за труд и социјална политика. Во пријавата се наведува дека кривичната пријава се однесува на злоупотреба на средства од страна на претседателот на ---------------------------------- и дека истата е поднесена врз основа на конечен извештај на Државниот завод за ревизија, а дека ОЈО ---------- воопшто не постапува по пријавата веќе 3 години.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Советот на јавни обвинители на РСМ. Во законски предвидениот рок, Советот достави известување дека согласно член 28 став 1 од Законот за јавното обвинителство до Вишото јавно обвинителство ------------ има поднесено барање да изврши надзор над работата на ОЈО ---------------------- со цел да се проверат наводите од претставката и да го известат Советот за

хронологијата на дејствија преземени по предметот. ВЈО по извршениот надзор го известил Советот дека по поднесена кривична пријава од страна на МВР, БЈБ, СВР ------------, единица за економски и компјутерски криминал Скопје од 05.09.2018 година, против ----------------------- од ------------, за кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 ст.5 вв со чл.3 вв ст.1 од КЗ, во ОЈО ------- е оформен предмет заведен под I КО.бр.----------- и врз основа на чл.31 ст.1 ал.3 од Законот за јавното обвинителство со допис од 02.11.2018 година предметната кривична пријава е доставена на надлежност и постапување до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Исто така, од страна на ОЈО --------------------- со писмен допис од 01.11.2021 година до ОЈО ГОКК се доставени и списите од предметот РО.бр.--------- на ОЈО --------, кои се однесуваат на пријавениот ----------------------- за истиот кривично правен настан и дека по предметот се постапува.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека постапува и презема мерки надлежен орган поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш. БК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Претседател**
**Билјана Ивановска**